# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1532.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 7 мај 2026 година.

Бр. 08-3265/1
7 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува надлежноста, составот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот), основите и постапката за избор, мандатот, престанок на мандатот и разрешувањето на членовите на Советот, како и основите и постапката за избор и разрешување на јавните обвинители и други прашања во врска со надлежностите и работата на Советот.

Член 2

(1) Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.

(2) Советот во вршењето на своите надлежности соодветно ги применува одредбите од Законот за употреба на јазиците.

Член 3

(1) Се забранува политичко организирање и дејствување во Советот.

(2) Членовите на Советот во вршење на надлежностите на Советот не смеат да остваруваат партиска активност.

(3) Советот со својата работа оневозможува какво било влијание во јавното обвинителство спротивно на закон.

(4) Функцијата член на Советот е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на друга јавна функција и професија.

Член 4

(1) Советот има својство на правно лице.

(2) Седиштето на Советот е во Скопје.

Член 5

(1) Советот има печат.

(2) Печатот го содржи грбот и името Република Северна Македонија и називот на Советот и неговото седиште.

### II. СОСТАВ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

**Состав на Советот**

Член 6

Советот е составен од 11 члена, од кои:

- по функција член на Советот е јавниот обвинител на Република Северна Македонија,
- еден член на Советот избираат јавните обвинители во Државното јавно обвинителство, од своите редови,
- по еден член на Советот избираат јавните обвинители од подрачјата на вишите јавни обвинителства Битола, Гостивар, Скопје и Штип, од своите редови,
- еден член на Советот-припадник на заедница која не е мнозинство во Република Северна Македонија, го избираат сите јавни обвинители во Република Северна Македонија, од своите редови и
- четворица членови на Советот ги избира Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието), од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на меѓународни судови и членови на други меѓународни правосудни тела и други истакнати правници, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

**Мандат на членовите на Советот**

Член 7

(1) Мандатот на членовите на Советот трае четири години со право на уште еден избор по истекот на најмалку четири години од престанокот на претходниот мандат во Советот.

(2) Мандатот на член на Советот кој е избран поради предвремен престанок на мандатот на член на Советот на чие место е избран, трае четири години.

(3) На избраните членови на Советот од редот на јавните обвинители, додека им трае мандатот во Советот, им мирува функцијата јавен обвинител.

(4) На член на Советот по функција, со престанок на функцијата му престанува и мандатот во Советот.

**Претседател и заменик-претседател на Советот**

Член 8

(1) Советот има претседател кој го претставува и раководи со Советот.

(2) Претседателот на Советот се избира од членовите на Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Мандатот на претседателот на Советот трае две години, без право на повторен избор.

(4) Советот, по предлог на претседателот на Советот, на истата седница на која се избира претседател, избира и заменик кој го заменува во негово отсуство.

(5) За претседател и заменик- претседател на Советот не може да биде избран Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(6) Постапка за разрешување од функцијата претседател или заменик- претседател на Советот се поведува врз основа на образложено барање од најмалку четири члена на Советот.

(7) Постапката за разрешување на претседателот или на заменик-претседателот на Советот е јавна. По барање на претседателот или на заменик-претседателот на Советот против кого се води постапката, Советот може да одлучи јавноста да биде исклучена согласно со членот 11 од овој закон.

(8) Советот донесува одлука за разрешување од функцијата претседател или заменик-претседател на Советот со најмалку шест гласа од членовите на Советот.

(9) Против одлуката за разрешување, претседателот, односно заменик-претседателот на Советот има право на тужба до Управниот суд согласно со членот 65 од овој закон.

(10) Претседателот, односно заменик- претседателот на Советот кој е разрешен од функцијата, останува да ја врши функцијата член на Советот до истекот на мандатот.

## III. НАДЛЕЖНОСТ И НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 9

Советот е надлежен да:

- ги избира и разрешува јавните обвинители,
- поднесува предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија до Собранието на Република Северна Македонија,
- дава мислење на Владата на Република Северна Македонија по предлогот за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија,
- по службена должност води сметка за истекот на мандатот на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија,
- организира претставување на пријавените кандидати за Јавен обвинител на Република Северна Македонија на јавна седница и дава мислење за кандидатите кои ги исполнуваат условите,
- определува јавен обвинител кој ќе ја врши должноста јавен обвинител на јавното обвинителство, ако му е истечен мандатот, му престанала функцијата, е оддалечен од вршењето на функцијата или е разрешен,
- организира претставување на кандидатите за јавен обвинител на основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- спроведува интервју при избор на јавни обвинители,
- утврдува престанок на функцијата јавен обвинител,
- одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители,
- одлучува во втор степен по одлуката за упатување на јавен обвинител во друго јавно обвинителство,
- ја следи работата на јавните обвинители врз основа на извештаите за работа на јавните обвинители и оцената за нивната работа согласно со закон,
- одлучува во втор степен за времено оддалечување од функцијата јавен обвинител,
- одлучува за распоредување на јавниот обвинител од едно во друго јавно обвинителство од ист или понизок степен во случај на укинување или реорганизирање на јавното обвинителство,
- постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на обвинители, при што доколку утврди дека се основани поднесува иницијатива до овластениот предлагач за утврдување одговорност на јавниот обвинител за сторена дисплинска повреда,
- го утврдува начинот на вршење на надзор во јавното обвинителство,
- одлучува по приговор на јавен обвинител за добиената оцена,
- донесува подзаконски акт за начинот на обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители,
- одлучува по поднесено барање за дисциплинска одговорност на член на Советот,
- донесува одлука за член на Советот да може да врши непосреден увид во работењето на јавните обвинители,
- донесува Етички кодекс за јавни обвинители по предлог на Здружението на јавните обвинители,
- го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства со одлука врз основа на Методологија за бројот на јавните обвинители на јавните обвинители која ја донесува Советот,
- донесува одлука за утврдување на бројот на слободните јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години, врз основа на Методологија за утврдување на број на јавнообвинителски места во јавните обвинителства и ја доставува до Академијата за судии и обвинители до крајот на февруари во тековната година,
- ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства,
- донесува Деловник за работа,
- донесува решение за мирување на функцијата јавен обвинител,
- издава и одзема службени легитимации на јавните обвинители,
- води персонално досие за јавните обвинители,
- поднесува извештај за својата работа,
- дава мислења по закони од областа на делокругот на работата на Советот,
- дава мислења по програмите на Академијата за судии и јавни обвинители и
- врши и други работи утврдени со закон.

### Работа на седници

Член 10

(1) Работите од својата надлежност Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница со гласање „за“ или „против“ од страна на присутните членови на Советот.

(2) Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците.

(3) Претседателот на Советот е должен да свика седница и по предлог на најмалку четири члена на Советот.

(4) Седница на Советот може да се одржи ако е присутно мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

(5) Советот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, освен ако со закон поинаку не е уредено.

(6) Одлуките на Советот мора да бидат образложени и истите се објавуваат на веб-страницата на Советот.

### Јавност во работата

Член 11

(1) Седниците на Советот се јавни.

(2) Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител, заради заштита на тајноста на податоците, заштита на класифицирани информации и во други случаи утврдени со закон.

(3) За исклучување на јавноста од седниците, Советот донесува одлука со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот и ја објавува на веб-страницата на Советот.

(4) Во случај кога Советот одлучил за исклучување на јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај ако на истата седница донесува одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно.

(5) На седницата на која Советот одлучува за избор на јавен обвинител на јавно обвинителство или за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство, јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај. Советот составува записник од гласањето за одлуката и одлуката заедно со записникот јавно се објавуваат на веб-страницата на Советот.

(6) За работата на седницата на Советот се води записник и седницата се снима тонски или се прави аудиовизуелен запис. Усвоениот записник се објавува на веб-страницата на Советот.

**Изземање на член на Советот**

Член 12

(1) Член на Советот не учествува во работа на Советот во постапки во кои се одлучува за јавен обвинител или кандидат за јавен обвинител со кој е во:

1) брачна или вонбрачна заедница;

2) роднинска врска по права линија до кој било степен, а во странична до четврт степен;

3) роднинска врска по сватовство до втор степен;

4) однос на посвоеник или посвоител или лице со кое живее во иста семејна заедница или

5) однос на судир на интереси согласно со закон.

(2) Член на Советот избран од редот на јавните обвинители не учествува во работата на Советот кога е поведена постапка за утврдување на негова одговорност како јавен обвинител или како член на Советот.

(3) Член на Советот е должен веднаш да престане со својата работа во постапките од надлежност на Советот во моментот на осознавање за постоење на причините од ставот (1) на овој член и за тоа да го извести Советот.

(4) Доколку во вршењето на својата функција членот на Советот дознае за постоење на околности кои може да предизвикаат сомневање во неговата непристрасност, е должен веднаш да го извести Советот, кој донесува соодветна одлука.

(5) Ако членот на Советот не постапи согласно со ставот (3) на овој член, се поведува постапка за разрешување од функцијата, согласно со членот 41 став (1) алинеја 5 од овој закон.

**Еднаквост на членовите на Советот**

Член 13

(1) Членовите на Советот во вршењето на функцијата член на Советот имаат еднакви права и обврски, освен ако со закон не е поинаку уредено.

(2) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија нема право на глас:

- во постапките во кои Советот одлучува по жалба за дисциплинска одговорност, доколку постапката е поведена по негов предлог, учествувал како јавен обвинител во дисциплинската комисија или во комисијата за надзор над работата на јавниот обвинител против кого се води постапката,

- во постапките во кои Советот одлучува по жалба на решението за времено упатување на јавен обвинител во друго јавно обвинителство,

- во постапките во кои Советот одлучува по приговор на одлуката за оценка кога оценувањето го извршил Јавниот обвинител на Република Северна Македонија,

- во постапките во кои Советот одлучува по жалба на одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија за оддалечување на јавен обвинител од вршењето на функцијата или

- доколку постои некоја од основите за изземање од членот 12 од овој закон.

(3) Принципите на хиерархија и субординација не се применуваат меѓу членовите на Советот од редот на јавните обвинители за време на вршење на функцијата член на Советот.

**Деловник за работа на Советот**

Член 14

(1) Советот донесува Деловник за работа со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

(2) Со Деловникот за работа на Советот се уредува начинот на работа на Советот и други прашања од надлежност на Советот.

**Извештај за работа**

Член 15

(1) Советот за својата работа изготвува и поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија на запознавање и разгледување, најдоцна до 30 април во тековната за претходната година.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи детална, сеопфатна и описна обработка на податоци за бројот на избраните и разрешените јавни обвинители, бројот на поведени и завршени дисциплински постапки, кадровските состојби во јавното обвинителство, материјално-финансиската состојба на Советот, податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните и правни лица и други податоци од делокругот на работата на Советот, при што извештајот задолжително содржи и образложение за одлуките за избор и разрешување на јавни обвинители и одлуките за дисциплинска постапка.

(3) Советот е должен во годишниот извештај што го доставува до Собранието да вклучи и статистички податоци за застапеноста на заедниците, родовата застапеност и регионалната застапеност на јавните обвинители во јавните обвинителства со анализа на остварениот напредок и евентуалните диспаритети во применувањето на принципот на правичност и соодветна застапеност.

(4) Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на седница го усвојува извештајот од ставот (1) на овој член.

(5) Примерок од извештајот од ставот (1) на овој член се доставува и до Владата на Република Северна Македонија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и се објавува на веб-страницата на Советот.

IV. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

**Оглас за член на Советот**

Член 16

(1) Претседателот на Советот во рок од 60 дена пред истекот на мандатот на членовите на Советот е должен да:

- донесе решение за распишување на оглас за избор за членови на Советот од редот на јавните обвинители,

- распише оглас за избор на членови на Советот од редот на јавните обвинители и

- го извести претседателот на Собранието на Република Северна Македонија да распише оглас за избор на членови на Советот што ги избира Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Во случај на предвремен престанок на мандатот од член 39 став (1) точките од 2) до 8) од овој закон, претседателот на Советот постапува согласно со ставот (1) на овој член најдоцна во рок од 15 дена од денот на престанок на мандатот за членот на Советот.

(3) Ако Советот, поради неспроведен избор или масовен предвремен престанок на мандат на повеќе членови, не е во можност да работи во правен состав подолго од 30 дена, Собранието на Република Северна Македонија е должно итно, а најдоцна во рок од 15 дена да распише нов оглас за избор.

**Времетраење на огласот**

Член 17

(1) Огласот од членот 16 од овој закон се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(3) Од денот на распишувањето на огласот до денот на гласањето мора да поминат најмалку 45 дена.

**1. Услови за член на Советот од редот на јавните обвинители**

Член 18

На огласот од членот 16 од овој закон може да се јави секој јавен обвинител кој во моментот на објавувањето на огласот врши функција на јавен обвинител и:

- кој има најмалку 10 години стаж како јавен обвинител,

- да не му е изречена дисциплинска мерка и

- да има позитивна оцена во вршењето на јавнообвинителската функција согласно со закон и

- доколку како кандидат за член на советот се пријави јавен обвинител на кој претходно му мирувала функцијата, а од враќањето изминал период пократок од шест месеци ќе се земе предвид последната оценка пред мирувањето на функцијата.

**Кандидатура**

Член 19

(1) Кандидатите својата кандидатура за член на Советот ја поднесуваат писмено до Советот.

(2) Кон кандидатурата кандидатот доставува:

- биографски податоци за стручниот и професионалниот развој,

- податоци за учество во стручна и професионална едукација и усовршување, издадени од Академијата за судии и јавни обвинители или од друга институција,

- мотивационо писмо и

- изјава за која листа се пријавува.

(3) Советот по службена должност приложува, односно прибавува:

- потврдата за стаж како јавен обвинител,

- последната оценка за кандидатот од надлежното јавно обвинителство и

- изводот од евиденцијата за изречени дисциплински мерки.

**Комисија за подготвување на кандидатски листи**

Член 20

(1) Советот од својот состав формира Комисија за подготвување на кандидатски листи составена од три члена.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, од навремено доставените кандидатури на кандидатите кои ги исполниле условите од членот 18 од овој закон, изготвува кандидатски листи и ги доставува до Советот.

(3) Кандидатските листи се подготвуваат по изборни единици од кои се избира по еден кандидат и тоа:

- како општа листа за кандидат од подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Битола, со изборно место број 1,

- како општа листа за кандидат од подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Гостивар, со изборно место број 2,

- како општа листа за кандидат од подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Скопје со изборно место број 3,

- како општа листа за кандидат од подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип, со изборно место број 4,

- како општа листа за кандидат од подрачјето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со изборно место број 5 и

- како единствена посебна листа на кандидати на јавните обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија за целата територија на Република Северна Македонија, со изборни места како за општа листа.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член со решение ја одбива кандидатурата за член на Советот ако не ги исполнува условите од членот 18 од овој закон, односно ја отфрла кандидатурата ако кандидатот не достави комплетна документација согласно со членот 19 став (2) од овој закон.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член, јавниот обвинител има право на тужба согласно со членот 36 од овој закон.

(6) Комисијата од ставот (1) на овој член ги објавува кандидатските листи, како и мотивационите писма и биографиите на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите, на веб-страницата на Советот најдоцна 21 ден од денот на распишувањето на огласот за избор.

(7) Јавниот обвинител може да ја повлече кандидатура за член на Советот во рок од седум дена од денот на поднесувањето на кандидатурата.

**Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на јавните обвинители**

Член 21

(1) Советот од својот состав формира Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на јавните обвинители (во натамошниот текст: Комисијата за избори).

(2) Комисијата за избори се состои од претседател, два члена и нивни заменици.

(3) Комисијата за избори го подготвува изборниот материјал, формира избирачки одбори и ги спроведува изборите.

**Изборен именик на јавните обвинители**

Член 22

(1) Изборниот именик на јавните обвинители го води Советот и во него се содржани податоците за:

- името и презимето на јавниот обвинител,
- матичен број на граѓанинот,
- јавното обвинителство во кое ја врши функцијата,
- вкупниот стаж како јавен обвинител,
- националната припадност,
- бројот на службената легитимација,
- место за забелешка и
- место за потпис.

(2) Најдоцна пет дена од денот на распишување на оглас за избор на членови, Советот го доставува Изборниот именик на јавните обвинители до сите јавни обвинителства.

(3) Изборниот именик на јавните обвинители се става на увид во јавното обвинителство и е достапен на секој јавен обвинител, кој има право во рок од три дена од денот на ставање на увид, по писмен пат да побара исправка на податоците.

(4) Претседателот на Советот во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член одлучува со решение.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член јавниот обвинител има право да поднесе тужба согласно со членот 36 од овој закон.

(6) Советот го заклучува Изборниот именик на јавните обвинители, најдоцна во рок од 20 дена од денот на распишувањето на оглас за избор на членови на Советот.

**Спроведување на изборите за членови на Советот од редот на јавните обвинители**

Член 23

(1) Изборите за членовите на Советот од редот на јавните обвинители се спроведуваат во ист ден.

(2) Изборите од ставот (1) на овој член се спроведуваат на изборни места во вишите јавни обвинителства и во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(3) Изборите од ставот (1) на овој член по изборни места ги спроведува изборен одбор формиран со решение од Комисијата за избори.

(4) Кандидат за член на Советот не може да биде член на изборен одбор.

(5) Изборниот одбор е составен од претседател и заменик-претседател од редот на јавните обвинители и двајца членови и нивни заменици од редот на вишите јавнообвинителски советници, самостојните јавнообвинителски советници, јавнообвинителски советници, стручни соработници и јавнообвинителски приправници.

(6) Комисијата за избори е должна изборниот одбор да го формира седум дена пред денот на гласањето.

**Изборен материјал**

Член 24

Изборниот материјал се состои од:

- кутии за гласање и паравани,
- обрасци за записници,
- блок со гласачки ливчиња според изводот од Изборниот именик на јавните обвинители,
- извод од Изборниот именик на јавните обвинители,
- листи на кандидати и
- друг материјал потребен за гласање.

**Гласачко ливче**

Член 25

(1) Општото гласачкото ливче содржи:

- назив на гласачкото ливче,
- сериски број, кој се наоѓа на делот кој останува на кочанот,
- број на изборна единица и назив на изборното место,
- име и презиме на кандидатите според азбучен ред,
- јавното обвинителство од кое кандидатот се кандидира и
- заверка со печат на јавното обвинителство кое е изборно место.

(2) Посебното гласачко ливче, покрај податоците од ставот (1) на овој член, содржи и податоци за националната припадност на кандидатите.

(3) Комисијата за избори го подготвува образецот на гласачкото ливче согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.

**Доставување на изборниот материјал**

Член 26

Комисијата за избори го предава изборниот материјал на претседателите на збирачките одбори најдоцна во рок од 24 часа пред одржување на изборите, за што составува записник.

**Спроведување на гласањето**

Член 27

(1) Гласањето се спроведува во работен ден.

(2) Гласањето започнува во 8:00 часот и трае непрекинато до 15:00 часот.

(3) Јавните обвинители гласаат за еден кандидат од општата листа и еден кандидат од единствената посебна листа.

(4) Јавните обвинители се идентификуваат при гласањето со службена легитимација или јавна исправа за утврдување на идентитетот и гласаат тајно.

(5) Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот од ставот (2) на овој член, ако гласале сите јавни обвинители запишани во изводот од Изборниот именик на јавните обвинители.

(6) Гласачката кутија не смее да биде отворена пред 15:00 часот.

(7) Комисијата за избори е должна преку веб-страницата на Советот да обезбеди јавноста директно да го следи сумирањето на изборниот резултат, а во случај да не може да се обезбеди директен пренос од технички причини, е должна да обезбеди снимање на истиот и најдоцна следниот ден да ја постави снимката на веб-страницата на Советот.

**Записник за гласање**

Член 28

(1) По затворањето на гласачкото место, избирачките одбори најдоцна до 19:00 часот истиот ден составуваат записник за текот и резултатите на гласањето и ја известуваат Комисијата за изборите.

(2) Во записникот од ставот (1) на овој член се внесуваат податоци:

- за вкупниот број на излезени гласачи кои гласале,
- за вкупниот број на гласови што ги добил секој кандидат,
- за бројот на неважечките ливчиња и
- забелешка за текот на гласањето.

(3) Избирачкиот одбор го доставува записникот од ставот (1) на овој член со резултатите од гласањето и другиот изборен материјал до Комисијата за избори, најдоцна во рок од осум часа по завршување на гласањето.

**Неважечко гласачко ливче**

Член 29

Гласачкото ливче е неважечко ако не е пополнето или има заокружено поголем број кандидати од бројот што се избира според изборната единица или ако не може со сигурност да се констатира волјата на избирачот.

**Изборен резултат**

Член 30

(1) Комисијата за избори ги сумира резултатите од изборните места, го утврдува изборниот резултат во изборните единици и преку медиумите и на огласна табла на изборното место ги објавува резултатите најдоцна во рок од 48 часа од моментот на затворањето на изборните места доколку не е поведена постапка за заштита на избирачкото право согласно со членовите 32 и 33 од овој закон.

(2) Ако е поведена постапка за заштита на избирачкото право, Комисијата за избори резултатите од ставот (1) на овој член ги објавува веднаш по завршување на постапката.

(3) За успешни се сметаат изборите на кои излегле повеќе од половина од запишаните избирачи од изборната единица.

(4) Доколку на изборите не излегле повеќе од половина од запишаните избирачи од изборната единица, постапката за избор се повторува во целост со објавување нов оглас во рок од 10 дена од денот на објавениот резултат од ставот (1) на овој член.

(5) За избран член на Советот се смета кандидатот кој добил најголем број гласови во изборната единица.

(6) Ако повеќе кандидати добиле еднаков најголем број на гласови од една изборна листа, изборите за овие кандидати ќе се повторат во рок од седум дена од денот на гласањето. Во случај на повторен еднаков број на гласови, членот на Советот ќе се избере по пат на ждрепка организирана од Комисијата за избор.

(7) Комисијата за избори на избраните членови на Советот од редот на јавните обвинители им издава уверение.

(8) Формата и содржината на образецот на уверението од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот за правда.

**Заштита на избирачко право**

Член 31

(1) Постапката за заштита на избирачкото право е итна.

(2) Приговорите и тужбите се доставуваат директно до надлежните органи.

(3) Доставувањето на приговор и тужба по пошта не е дозволено.

Постапка за заштита на избирачкото право на кандидат

Член 32

(1) Секој кандидат за текот и резултатите од гласањето во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за член на Советот може во рок од пет часа по завршувањето на гласањето, односно по објавувањето на резултатите до Комисијата за избори да поднесе приговор.

(2) Комисијата за избори е должна во рок од 12 часа по приемот на приговорот од ставот (1) на овој член да донесе одлука.

(3) Против одлуката од ставот (2) на овој член, незадоволните кандидати имаат право да поднесат тужба согласно со членот 36 од овој закон, во рок од 12 часа од приемот на одлуката.

**Постапка за заштита на избирачко право на избирач**

Член 33

(1) Секој избирач на кого му е повредено избирачкото право во постапката при спроведување на гласањето може во рок од пет часа по завршувањето на гласањето до Комисијата за избори да поднесе приговор.

(2) Комисијата за избори е должна во рок од 12 часа по приемот на приговорот од ставот (1) на овој член да донесе одлука.

(3) Против одлуката од ставот (2) на овој член, избирачот има право да поднесе тужба согласно со членот 36 од овој закон, во рок од 12 часа од приемот на одлуката.

**2. Членови на Советот што ги избира Собранието на Република Северна Македонија**

Член 34

(1) Членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Северна Македонија се од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на меѓународни судови или членови на меѓународни правосудни тела и други истакнати правници кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

(2) На огласот на Собранието на Република Северна Македонија за избор на член на Советот од ставот (1) на овој член може да се пријави секое лице кое во моментот на објавувањето на огласот ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е дипломиран правник со најмалку 15 години работно искуство во правната професија по положен правосуден испит или универзитетски професор по право со најмалку седум години работно искуство во наставно-научно звање,

- да се истакнал со научна или професионална работа за прашања од областа на правосудството,

- да се истакнал со свое јавно делување во заштита на владеењето на правото, независноста на судството и човековите права,

- да не е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело против службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на казна затвор што го прави недостоен за да ја врши функцијата член на Советот и

- да ужива углед и да поседува интегритет за вршење на функцијата член на Совет за што приложува најмалку три препораки од универзитетски професори по право, адвокати, поранешни народни правобранители, односно заменици на народниот правобранител и претставници на граѓанскиот сектор од областа на владеењето на правото, правосудството и човековите права, предложен од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, поранешни или сегашни судии на меѓународни судови или членови на меѓународни правосудни тела, или лица/е, а со најмалку 15 години работно искуство во правната професија по положен правосуден испит од кои две од лица кои припаѓаат на истата правна професија.

(3) Кон пријавата кандидатите доставуваат биографски податоци и податоци за стручниот и професионалниот развој и мотивационо писмо, како и докази за исполнетост на условите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) За член на Советот што го избира Собранието на Република Северна Македонија не може да биде избрано лице кое во моментот на објавување на огласот врши судиска или јавнообвинителска функција или лице кое било разрешено од судиска или јавнообвинителска функција, освен ако Европскиот суд за човекови права утврдил прекршување на Европската конвенција за човековите права во постапката за разрешување, ниту лице кое во последните четири години било пратеник, член на Влада на Република Северна Македонија, вршело или врши функција во орган на политичка партија.

(5) Седницата на Собранието на Република Северна Македонија на која се избираат членовите од ставот (1) на овој член е итна и се одржува во рок од најмногу 30 дена од денот на изборот за членови на Советот што се избираат од страна на јавните обвинители.

**Постапка за избор на член на Советот од Собранието на Република Северна Македонија**

Член 35

(1) Постапката за избор за членови на Советот кои ги избира Собранието започнува со објавување на огласот од членот 16 став (1) алинеја 3 од овој закон.

(2) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата за избори и именувања) во рок од 14 дена од објавувањето на огласот од ставот (1) на овој член формира Работна група за прелиминарна селекција на кандидати за членови на Советот (во натамошниот текст: Работната група), по објавен повик до субјектите од ставот (3) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, за определување на членови кои не се од редот на пратениците. Повикот се објавува на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија истиот ден кога се објавува огласот од членот 16 став (1) алинеја 3 од овој закон и трае седум дена од денот на објавувањето.

(3) Работната група е составена од пет членови и тоа:

- еден член од предложените од Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија,

- еден член од предложените од Адвокатската комора на Република Северна Македонија,

- еден член од граѓанскиот сектор од областа на владеење на правото, правосудството и човековите права, од предложените од Советот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество,

- еден пратеник од парламентарното мнозинство, определен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и

- еден пратеник од парламентарната опозиција, определен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.

(4) Административна поддршка на Работната група дава организационата единица на службата на Собранието на Република Северна Македонија која дава поддршка на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија.

(5) Во рок од осум дена од истекот на рокот за пријавување од членот 17 став (2) од овој закон, Работната група врши проверка на исполнетоста на условите од членот 34 од овој закон и подготвува извештај со листа на кандидати кои ги исполнуваат условите, која се доставува до Комисијата за избори и именувања и до сите пријавени кандидати.

(6) Извештајот со листата од ставот (5) на овој член заедно со биографиите и мотивационите писма на кандидатите во целост се објавува на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија, со податоци за исполнетоста на условите од членот 34 од овој закон, веднаш, а најдоцна во рок од еден ден од денот на утврдување на листата.

(7) Незадоволните кандидати имаат право на приговор на листата од ставот (5) на овој член на Работната група до Комисијата за избори и именувања во рок од 48 часа од објавување на листата на веб-страницата. Комисијата за избори и именувања е должна да одлучи по приговорите најдоцна во рок од пет дена од денот на истекот на рокот за поднесување на приговор и да објави конечна листа.

(8) Во рок од пет дена од денот на објавувањето на конечната листа од ставот (7) на овој член, Комисијата за избори и именувања организира јавна расправа за претставување на кандидатите кои ги исполнуваат условите од членот 34 од овој закон која се емитува на Собранискиот канал. Доколку некој од кандидатите не дојде на претставување на јавна расправа, а не го оправда отсуството, се смета дека ја повлекол пријавата.

(9) Комисијата за избори и именувања на јавната расправа задолжително поканува претставници од Здружението на јавните обвинители, Адвокатската комора на Република Северна Македонија, граѓанските организации кои работат во областа на правосудството, владеењето на правото и човековите права, претставници од медиумите и академската заедница.

(10) Терминот за одржување на претставувањето на јавната расправа се објавува на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија на денот на објавувањето на листата од ставот (7) на овој член.

(11) На јавната расправа присутните претставници од ставот (9) на овој член имаат право да поставуваат прашања.

(12) Во рок од седум дена од завршувањето на јавната расправа, Комисијата за избори и именувања подготвува извештај со конечната листа на кандидати и заедно со документите од членот 34 од овој закон ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија. Собранието на Република Северна Македонија закажува седница во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот со конечната листа од ставот (7) на овој член.

(13) Собранието на Република Северна Македонија на седницата расправа и гласа поединечно за секој од кандидатите од предлог- листата составена од Комисијата за избори и именувања.

(14) Доколку двајца кандидати имаат апсолутно мнозинство од вкупниот број на пратеници се смета дека е избран оној кандидат кој има поголем број на гласови.

(15) Доколку Собранието на Република Северна Македонија не избере членови на Советот, постапката за избор се повторува во целост со објавување нов оглас во рок од 10 дена од денот на одржувањето на седницата на Собранието на Република Северна Македонија.

(16) Во постапката за избор на членови на Советот се земаат предвид принципот на соодветна и правична застапеност и принципот на подеднаква родова застапеност.

**Рокови за итна управно судска заштита**

Член 36

(1) Против одлуките од членовите 20 став (5), 22 став (5), 31 став (2), 32 став (3) и 33 став (3) од овој закон избирачот или кандидатот може да поднесе тужба пред Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на одлуката.

(2) Управниот суд е должен да донесе одлука по тужбата од ставот (1) на овој член во рок од 48 часа од доставувањето на списите.

(3) Против одлуката од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба до Вишиот управен суд во рок од три дена од денот на приемот на одлуката.

(4) Вишиот управен суд одлучува по жалбата од ставот (3) на овој член во рок од пет дена од денот на приемот на жалбата.

**Свечена изјава**

Член 37

(1) Избраните членови даваат свечена изјава пред претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Свечената изјава гласи: „Изјавувам и се колнам дека функцијата член на Советот на јавни обвинители ќе ја вршам чесно, совесно и одговорно и ќе ги почитувам Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија".

(3) Свечената изјава избраните членови ја потпишуваат.

(4) Избраните членови свечената изјава ја даваат на македонски јазик и ја потпишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(5) Избраните членови на Советот припадници на заедниците кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, свечената изјава ја даваат согласно со Законот за употребата на јазиците.

(6) На избраните членови на Советот им се дава примерок од потпишаната свечена изјава.

(7) Мандатот на избраните членови на Советот започнува да тече со денот на давање на свечената изјава.

**Конституирање на Советот**

Член 38

(1) При избор на целиот состав на Советот, конститутивната седница се одржува во рок од 30 дена од денот на изборот на мнозинството членови на Советот.

(2) Конститутивната седница ја свикува и со неа претседава најстариот од избраните членови на Советот најдоцна 30 дена од денот на изборот.

(3) До изборот на претседател на Советот претседава најстариот од избраните членови на Советот.

**Престанок на мандатот на член на Советот**

Член 39

(1) На член на Советот му престанува мандатот:

1) со истекот на времето за кое е избран;

2) по поднесена оставка;

3) ако е разрешен од јавнообвинителската функција согласно со закон;

4) ако е разрешен како член на Советот, согласно со закон;

5) со исполнување на услови за старосна пензија согласно со закон, при што членот на Советот може да продолжи со вршењето на функцијата согласно со прописите за работните односи со доставување изјава до Советот;

6) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело против службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело со кое му е изречена казна затвор кое го прави недостоен да ја врши функцијата член на Советот или ако му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

7) ако на член на Советот му се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата и

8) ако е избран или именуван на друга јавна функција или врши друга професија.

(2) Во случајот од ставот (1) точка 2) на овој член, мандатот на член на Советот престанува кога Советот на првата следна седница, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на поднесување, ја констатира оставката.

(3) Во случајот од ставот (1) точка 3) на овој член, мандатот на член на Советот престанува со правосилноста на одлуката за разрешување на јавниот обвинител од функцијата.

(4) Во случајот од ставот (1) точка 4) на овој член, мандатот на член на Советот престанува со правосилноста на одлуката за разрешување на член на Советот.

(5) Во случајот од ставот (1) точка 5 на овој член, престанокот, односно продолжувањето на функцијата член на Советот, со решение го констатира Советот на првата наредна седница.

(6) Во случајот од ставот (1) точка 6) на овој член, мандатот на член на Советот престанува со денот на правосилноста на пресудата.

(7) Во случајот од ставот (1) точка 7) на овој член, мандатот на член на Советот престанува ако Советот, врз основа на правосилна судска одлука, на седница утврди престанок на функцијата член на Советот поради трајно губење на способноста за вршење на функцијата.

(8) Во случајот од ставот (1) точка 8) на овој член, мандатот на член на Советот престанува со изборот на друга функција или кога ќе започне да врши друга професија.

## V. ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈА НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

**Разрешување од функција на член на Советот**

Член 40

Член на Советот се разрешува од функција, ако:

1) Јавниот обвинител кој е член на Советот по функција е разрешен од јавнообвинителската функција согласно закон;

2) Ако се исполнети основите за разрешување согласно со членот 41 од овој закон.

**Основи за поднесување на барање за разрешување од функција на член на Советот**

Член 41

Образложено барање за поведување на постапка за разрешување од функција на член на Советот, заедно со доказите на кои се заснова барањето, до Советот може да поднесат најмалку пет јавни обвинители или најмалку три члена на Советот, ако членот на Советот:

- влијае врз самостојноста на јавните обвинители или врши притисок во врска со одлучувањето по конкретни предмети,
- членува или врши политичка функција во политичка партија или остварува партиска или политичка активност,
- без оправдани причини не ги извршува своите функции и обврски во работата на Советот,
- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити утврдено од надлежна институција согласно со закон или
- ги прекрши правилата за изземање во ситуации во кои членот на Советот знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени согласно со членот 12 од овој закон.

**Постапка за разрешување од функција на член на совет**

Член 42

(1) Постапката за разрешување на член на Советот е итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на членот на Советот, при што се води сметка за заштита на личните податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на барање на членот на Советот против кого се води постапката, Советот одлучува постапката за разрешување на член на Советот да биде јавна.

(3) Барањето од членот 41 од овој закон се доставува до Советот, кој во рок од три дена од денот на приемот, на јавна седница утврдува дали барањето е уредно и поднесено од овластен подносител.

(4) Ако барањето од членот 41 од овој закон е неуредно или поднесено од неовластен подносител, Советот на истата седница го отфрла.

(5) Ако барањето од членот 41 од овој закон е уредно и поднесено од овластен подносител, Советот формира комисија од три члена која прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со барањето.

(6) Доколку податоците и доказите од ставот (5) на овој член се наоѓаат кај државен орган, орган на единицата на локалната самоуправа или кај физичко или правно лице на кое му е доверено вршење на јавни овластувања, истите се должни без надоместок да ги достават до комисијата од ставот (5) на овој член, односно до членот на Советот против кого се води постапката, во рокот определен во барањето од ставот (1) на овој член.

(7) Советот во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од членот 41 од овој закон одржува седница на која претседателот на Советот ги презентира сите наводи, податоци и докази.

(8) Членот на Советот против кого се води постапката за разрешување, има право писмено да одговори на наводите во барањето од членот 41 од овој закон или да даде усна изјава на седницата на Советот на која се расправа по барањето.

(9) Заедно со одговорот на барањето од членот 41 од овој закон, членот на Советот ги доставува сите докази врз основа на кои го заснова својот одговор на барањето.

(10) Членот на Советот против кого се води постапката за разрешување има право на бранител што самиот го обезбедува и го известува за расправата.

(11) Начинот на разрешување на член на Советот го уредува Советот.

**Достава**

Член 43

(1) Доколку барањето од членот 41 од овој закон е уредно и поднесено од овластен подносител, Советот го доставува барањето и доказите лично до членот на Советот против кој е поднесено, преку архивата на Советот или со препорачана пратка на адресата на живеалиштето или престојувалиштето на членот на Советот.

(2) Ако членот на Советот не се затече на местото на достава од ставот (1) на овој член му се остава писмено известување за местото и времето за подигање на барањето од членот 41 од овој закон и истото се смета за уредна достава.

(3) Членот на Советот во одговорот на барањето од членот 41 од овој закон е должен да ја наведе адресата на која ќе му се доставуваат писмената во текот на постапката по писмен пат со препорачана пратка, како и електронската адреса на која писмената ќе му се доставуваат по електронски пат.

(4) Доколку членот на Советот не се затече на адресата наведена во одговорот на барањето од членот 41 од овој закон каде што треба да се изврши доставување на писменото, доставувачот остава писмено известување заради примање на писменото со кое се известува да дојде во определен ден и час во определена просторија на

Советот за прием на писменото. Ако членот на Советот не постапи по писменото известување се смета дека доставувањето е извршено на денот и часот наведени во писменото известување.

(5) Доставувањето по електронски пат се врши согласно со Законот за парничната постапка.

**Одлука по барањето за разрешување**

Член 44

(1) По правило, Советот донесува одлука по поднесеното барање за разрешување, на првата наредна седница, а најдоцна во рок од три месеци од приемот на барањето.

(2) Одлуката за разрешување на член на Советот ја донесува Советот со најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот.

(3) Против одлуката за разрешување на член на Советот, членот на Советот има право да поднесе тужба согласно со членот 65 од овој закон.

(4) Мандатот на членот на Советот престанува со денот на правосилноста на одлуката за разрешување.

**Времено оддалечување од вршење на функцијата член на Советот**

Член 45

(1) Член на Советот може времено да се оддалечи од вршењето на функцијата член на Советот ако против него е донесена наредба за спроведување истражна постапка, ако е поднесен обвинителен предлог, освен за кривични дела сторени од небрежност или ако е поведена дисциплинска постапка или постапка за разрешување.

(2) Советот закажува седница на која расправа за времено оддалечување од вршењето на функцијата на член на Советот во рок од осум дена од денот на приемот на актот од ставот (1) на овој член.

(3) Одлука за времено оддалечување од вршење на функцијата член на Советот донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, при што на седницата може да присуствува, но од гласањето се иззема членот на Советот против кого е поведена постапката од ставот (1) на овој член.

(4) Одлуката за времено оддалечување од вршење на функцијата член на Советот се преиспитува на секој месец од страна на Советот.

VI. ИЗБОР, ПРЕСТАНОК И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

**Огласување на избор за јавен обвинител**

Член 46

(1) Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на упразнување на местото јавен обвинител или по утврдената потреба за јавнообвинителско место.

(2) Огласот од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците  што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Со огласот од ставот (1) на овој член се известуваат заинтересираните кандидати во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“ да поднесат пријави до Советот.

**Избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство**

Член 47

(1) Советот избира јавен обвинител во основно јавно обвинителство од листата на кандидати доставена од Академијата за судии и јавни обвинители кои се јавиле на огласот, земајќи ги предвид годината на завршување на обуката и постигнатиот успех, како и спроведеното интервју од страна на Советот.

(2) Советот спроведува интервју на кандидатите вреднувајќи ги нивните компетенции, при што обезбедува услови за јавност на интервјуто.

(3) Начинот на спроведување на интервјуто од ставот (2) на овој член го уредува Советот.

(4) Советот може да избере за јавен обвинител во основно јавно обвинителство јавен обвинител од друго основно јавно обвинителство или судија кој се пријавил на огласот, доколку на огласот не се јавил кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.

**Избор на јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства и во основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**

Член 48

Советот избира јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства и во основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите согласно со закон.

Член 49

Член на Советот за време на траењето на мандатот не може да биде избран за јавен обвинител во јавно обвинителство или за јавен обвинител на јавно обвинителство.

**Одлука за избор на јавни обвинители**

Член 50

(1) Советот расправа и одлучува за избор на јавни обвинители на седница на која присуствуваат најмалку две третини од вкупниот број членови на Советот.

(2) Членовите на Советот гласаат поединечно за сите кандидати на листата од членот 47 од овој закон.

(3) Секој член на Советот е должен усно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за или против избор на јавен обвинител.

(4) За јавен обвинител е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од  вкупниот број членови на Советот.

(5) Одлуката за избор на јавен обвинител на Советот мора да биде образложена, индивидуализирана и споредлива.

(6) Советот е должен одлуката за избор на јавен обвинител да ја достави до секој кандидат.

**Избор на виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство, основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство**

Член 51

(1) Советот избира виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство и основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство од пријавените кандидати, од редот на избраните јавни обвинители во Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите утврдени согласно со закон.

(2) За виш јавен обвинител или основен јавен обвинител од ставот (1) на овој член е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

(3) Изборот на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се врши согласно со закон.

(4) Советот на јавни обвинители го именува основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во рок од седум дена од денот на гласањето за избор.

(5) Во случаите од ставот (1) на овој член Советот донесува одлука.

(6) Одлуката за избор на јавен обвинител на Советот мора да биде образложена, индивидуализирана и споредлива.

(7) Советот е должен одлуката за избор на јавен обвинител да ја достави до секој кандидат.

**Правична и соодветна застапеност во изборот на јавните обвинители**

Член 52

Кога Советот избира јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, основен јавен обвинител или јавен обвинител во основно јавно обвинителство основано за подрачје на два или повеќе суда од кои барем еден суд е со седиште на подрачјето на единиците на локалната самоуправа во кои покрај македонскиот јазик друг службен јазик е јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои живеат на подрачјето на тие единици на локалната самоуправа и виш јавен обвинител или јавни обвинители во тоа обвинителство кое се наоѓа на подрачјето на единицата на локалната самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, одлучува согласно со членот 50 од овој закон, при што да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

**Повторно огласување на избор**

Член 53

Ако од пријавените кандидати ниту еден не ги исполнува условите утврдени согласно со закон или ако ниту еден од пријавените кандидати не го добие потребното мнозинство, Советот на истата седница донесува одлука за повторно огласување на избор на јавен обвинител.

**Рокови за избор**

Член 54

(1) Советот е должен постапката за избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство да ја заврши во рок од два месеца од денот на објавувањето на огласот.

(2) Постапката за избор на јавен обвинител на основно јавно обвинителство, за виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство и за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство од повисок степен, Советот е должен да ја заврши во рок од три месеци од приемот на оценките за кандидатите.

(3) Постапката за избор на јавен обвинител на основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Советот е должен да ја заврши во рок од три месеци од денот кога е спроведено претставувањето на кандидатите.

**Престанок на функцијата јавен обвинител**

Член 55

Советот ќе утврди престанок на функцијата јавен обвинител, кога е исполнет некој од основите определени во Законот за јавното обвинителство.

**Престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање**

Член 56

Советот донесува решение за престанок на функцијата на јавен обвинител ако јавниот обвинител сам побара, без посебно да ги испитува причините на барањето, на првата следна седница по приемот на барањето.

**Престанок на функцијата јавен обвинител поради престанување на државјанство**

Член 57

Советот донесува решение за престанок на функцијата на јавен обвинител поради престанување на државјанство врз основа на правосилна одлука на надлежен орган на првата седница по прием на одлуката. Надлежниот орган е должен одлуката за престанување на државјанство да ја достави до Советот во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување.

**Престанок на функцијата јавен обвинител поради трајно губење на способноста за нејзино вршење**

Член 58

(1) Советот по службена должност, поведува постапка пред надлежен суд за утврдување трајно губење на способност за вршење на функцијата јавен обвинител ако сам дојде до такво сознание или по иницијатива на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, вишиот или основниот јавен обвинител.

(2) Врз основа на правосилна судска одлука, Советот со решение утврдува престанок на функцијата јавен обвинител поради трајно губење на способност за вршење на функцијата на првата следна седница по приемот на одлуката.

**Престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на условите за старосна пензија**

Член 59

(1) Советот донесува решение за престанок на функција јавен обвинител кога се исполнети условите за старосна пензија согласно со закон, при што јавниот обвинител може да продолжи со вршењето на функцијата согласно со прописите за работните односи со доставување изјава до Советот.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, престанокот, односно продолжувањето на функцијата јавен обвинител, со решение Советот го констатира на првата следна седница.

**Престанок на функцијата јавен обвинител поради сторено кривично дело**

Член 60

(1) Советот со решение утврдува престанок на функцијата јавен обвинител ако јавниот обвинител е правосилно осуден за сторено кривично дело на казна затвор или кривично дело против службената должност, на првата следна седница од приемот на примерокот од правосилната пресуда.

(2) Првостепениот суд без одлагање, до Советот доставува примерок од правосилната пресудата.

**Престанок на функцијата јавен обвинител поради избор или именување на друга јавна функција**

Член 61

(1) Советот со решение утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, ако јавниот обвинител е избран или именуван на друга јавна функција, освен во случај кога со закон е предвидено мирување на функцијата јавен обвинител со денот на изборот или именувањето.

(2) Органот кој го избрал или именувал јавниот обвинител на друга јавна функција е должен на Советот веднаш да му го достави актот за именување или избор.

Член 62

(1) Член на Советот може да поднесе иницијатива за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител, до овластените подносители на предлог за утврдување дисциплинска одговорност.

(2) Член на Советот кој поднел иницијатива за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител не може да учествува во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители во втор степен и за разрешување на јавен обвинител.

**Разрешување на јавен обвинител**

Член 63

Советот донесува одлука за разрешување на јавен обвинител од функцијата кога се исполнети законските услови и во постапка уредена со Законот за јавното обвинителство.

**Одлуки на Советот**

Член 64

(1) Советот одлучувајќи по жалба како второстепен орган може одлуката на Комисијата за утврдување одговорност на јавен обвинител од Законот за јавното обвинителство да ја укине, преиначи или потврди.

(2) Кога ја потврдува одлуката од ставот (1) на овој член со која е утврдена дисциплинска одговорност и е предложено разрешување од функцијата јавен обвинител, Советот донесува одлука со која се разрешува јавниот обвинител и се констатира престанок на функцијата.

(3) Советот донесува одлука за разрешување од функција на јавниот обвинител со најмалку осум гласа од вкупниот број на членови на Советот.

(4) Советот донесува одлука за разрешување од функција на јавниот обвинител во рок од три месеци од денот на приемот на списите.

(5) Секој член на Советот е должен усно на седница на советот да ја образложи својата одлука за или против разрешување на јавниот обвинител.

(6) Одлуката за разрешување од функцијата јавен обвинител и решението за престанок на функцијата јавен обвинител, се доставува до јавниот обвинител и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

(7) Против одлуката и решението на Советот од став (6) на овој член, јавниот обвинител има право да поднесе тужба согласно со членот 65 од овој закон.

**Право на тужба**

Член 65

(1) Против одлуките од членовите 8 став (9), 44 став (3), 50 став (5), 51 став (5) и 64 став (3) од овој закон, претседателот, заменик- претседателот, членот на Советот, односно јавниот обвинител има право на тужба пред Управниот суд, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на Советот.

(2) Управниот суд е должен да донесе одлука по тужбата од ставот (1) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на списите.

(3) Против одлуката на Управниот суд од ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Вишиот управен суд во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на Управниот суд.

(4) Вишиот управен суд е должен да одлучи во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата од ставот (3) на овој член.

(5) Против одлуките од членовите 8 став (9) и 64 став (3) дозволен е управен спор само во однос на законитоста на постапката.

(6) Советот е должен да постапи по правосилната одлука на Управниот суд во рок од 30 дена од денот на доставата на одлуката.

(7) Одлуката на Советот од ставот (6) на овој член е конечна.

**Времено оддалечување од вршење на функцијата јавен обвинител**

Член 66

(1) Ако јавниот обвинител е времено оддалечен од функцијата, кога против него е определена мерка притвор или куќен притвор, поведена е кривична постапка или дисциплинска постапка, има право на жалба против одлуката за времено оддалечување од функцијата до Советот во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(2) Советот одлучува по жалбата од ставот (1) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата и одлуката ја потврдува, укинува или преиначува.

## VII. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СОВЕТОТ

**Стручна служба**

Член 67

(1) Советот има Стручна служба која врши административни, стручно-технички, организациски, информатички, истражувачки и финансиски работи за потребите на Советот.

(2) Со Стручната служба на Советот раководи генерален секретар.

(3) Советот донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места.

(4) При вработувањето во Стручната служба на Советот се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.

(5) Генералниот секретар присуствува на седниците на Советот без право на глас и може да предлага точки на дневен ред.

**Статус на вработените во Стручната служба на Советот**

Член 68

(1) Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Советот имаат статус на административни службеници.

(2) Генералниот секретар го избира и разрешува Советот со најмалку шест гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас.

(3) Кандидатите за генерален секретар, покрај општите услови за засновање работен однос во јавно обвинителство, односно условите утврдени со Законот за административни службеници, треба да имаат и седум години работен стаж по положен правосуден испит.

(4) За прашањата кои се однесуваат на генералниот секретар и вработените од ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, општите прописи за работни односи и овој закон.

## VIII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 69

Средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетскиот корисник - Совет на јавни обвинители.

Член 70

Платата на членовите на Советот, генералниот секретар и на вработените во Советот се определува со закон.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Рок за донесување на подзаконски акти**

Член 71

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Мандат на Советот**

Член 72

Членовите на Советот кои се избрани согласно со Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20) продолжуваат да ја извршуваат функцијата до истекот на мандатот за кој се избрани.

**Постапки за избор**

Член 73

Постапките за избор на член на Совет и постапките за избор или за именување на јавен обвинител започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

**Постапки за престанок и разрешување**

Член 74

Постапките за престанок и разрешување на јавен обвинител или на член на Советот започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 150/2007 и 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 42/20).

Член 75

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

Член 76

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

# L I GJ
# I KËSHILLIT TË PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

## I. DISPOZITAT THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kompetenca, përbërja e Këshillit të Prokurorëve Publikë të Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejshëm: Këshilli), bazat dhe procedura për zgjedhjen, mandati, ndërprerja e mandatit dhe shkarkimi i anëtarëve të Këshillit, si dhe bazat dhe procedura për zgjedhjen dhe shkarkimin e prokurorëve publikë si dhe çështje të tjera në lidhje me kompetencat dhe punën e Këshillit.

Neni 2

(1) Këshilli është organ i pavarur që siguron dhe garanton pavarësinë e prokurorëve publikë në ushtrimin e funksionit të tyre.